РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

ПРИМЕНО:	26.10.2026		
Орг.Единица Njësia Org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlerë
08	6521/1	0	

ДО:
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка*.

Пратеници:

Димитар Апасиев_____

Борислав Крмов_____

Реџеп Исмаил_____

Јована Мојсоска_____

Амар Мециновиќ_____

Сашко Јанчев_____

Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

октомври 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во делот I од Законот за здравственото осигурување уредено е задолжителното здравствено осигурување, во која одредба под „осигурени лица“ односно осигурениците се опфатени следниве категории

- работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје;
- извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по ниеден друг основ;
- лице кое има краткотрајно вработување согласно со Законот за агенциите за привремени вработувања;
- државјанин на Република Македонија кој е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва, во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор поинаку не е определено;
- самовработено лице;
- индивидуален земјоделец;
- физичко лице регистрирано како вршител на самостојна дејност за трговија и други категории таксативно наброени восамиот закон.

Заради усогласување со Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување и унифицирање на поимите, регулација на обврските за плаќање на придонеси, уредување на стапките и основиците на придонесите на едно место, односно заради поедноставување и обезбедување на транспарентност во добивање на сите неопходни информации за кои потреба имаат различни субјекти се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2009).

Со оваа рогација се воспостави основ за примена на Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување и интегрирана наплата на придонесите и персоналниот данок од доход.

Правото на паричен надоместок за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, согласно закон, е задолжителното здравствено осигурување.

Надоместокот на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство се пресметува во висина од 100% од основицата на надоместокот на плата.

Согласно постојниот систем на задолжително здравствено осигурување уреден со Законот за здравственото осигурување, индивидуалните земјоделци се дефинирани како задолжителни осигуреници согласно членот 5 став 1 точка 4 од законот. Меѓутоа, одредбите од членовите 13 и 14 од Законот го ограничуваат правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда (боледување), како и правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, исклучиво за вработени лица, лица избрани/именувани на јавна функција и самовработени лица.

Ваквото нормативно решение во практиката создаде долгогодишна нееднаквост и правна дискриминација на регистрираните земјоделци, а особено на жените земјоделки, кои иако уредно плаќаат придонеси за задолжително здравствено осигурување, беа исклучени од остварувањето на паричен надоместок за мајчинство и надоместок при привремена неспособност за работа.

Правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство по својот социјален карактер е обврска на државата и заради тоа што бременоста, раѓањето и мајчинството не преставува болест, туку планирање на семејство кое согласно Уставот е обврска за државата и е на товар на Републичкиот буџет заради што правото на здравствената заштита треба да биде дел од задолжителниот здравствен систем.

Но, сите овие права иако законски регулирани, со постојните одредби се ограничувачки во однос на категориите на осигуреници кои ги користат.

Ваквото привилигирање во остварување на правото за користење на платено родителско отсуство и боледување доведува до исклучување на определена категорија на осигуреници, како што се жените регистрирани како индивидуални земјоделки во делот на надоместоци поради болест, повреда на работно место и отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство.

Индивидуалните земјоделци плаќаат 20% придонеси, немаат плата, туку остваруваат приход од земјоделска дејност на годишно ниво, кој е нередовен и условен од временските услови и слични фактори на ризик.

Законот за работни односи го уредува правото на породилно отсуство, но носители на ова право се исклучиво категориите уредени со Законот за здравственото осигурување.

Согласно постојните законски решенија и самовработените лица имаат право на платено породилно отсуство, иако истите не се препознаени во Законот за работните односи, ниту имаат обврска да примаат месечна плата (на пример, адвокати, нотари, уметници, трговци-поединци итн).

Земјоделците согласно закон се работници, односно самовработени лица, но како таква категорија не опериират во внатрешниот правен поредок, туку законодавецот ги внесува во категоријата „индивидуален земјоделец" на која и доделува помалку права во споредба со другите работници и самовработени лица. Фактот што оваа категорија врши исплата на помал износ за придонеси не може да се гледа како причина за нивно исклучување од правата од здравствено осигурување, туку сосема спротивно – ова треба да е афирмативна мерка која имала за цел да вклучи маргинализирана категорија во системот на социјално и здравствено осигурурвање и како економска мерка, која има за цел да го поттикне развојот на земјоделството како една од најважните примарни стопански дејности.

Оттука, земјоделките се статусно дискриминирани во однос на останатите работнички и самовработени кои го стекнуваат правото на платено породилно отсуство и боледување согласно закон! Оваа нееднаква социјална политика има сериозни последици врз нивното репродуктивно, психолошко и физичко здравје, како и врз здравјето на новороденчињата и децата од руралните области.

Согласно истражувањата, повеќето жени ангажирани во земјоделство не се во можност да си дозволат да го намалат обемот на работа пред и по породувањето, па како последица на тоа, продолжуваат со работни активности и во доцната бременост или почнуваат со работа прерано по породувањето. Оваа состојба резултира со значителни здравствени ризици (предвремено породување, несакан абортус, зголемен ризик за патолошки бременост, прерано прекинување со доењето, неможност за пружање на соодветна грижа на новороденчињата) - што, пак, доведува до бројни здравствевни проблеми кај децата. На оваа слика, доколку се земе предвид отежнатиот пристап до здравствени и социјални услуги и длабоко вкоренетите патријахални норми, се комплетира сликата за маргинализација на руралните жени чии можности и права се многу повеќе ограничени во споредба со населението во градските урбани средини.

Заштитата на мајките е фундаментално право на жените кое е предвидено со Уставот, со клучните универзални договори за правата на човекот и меѓународните конвенции. Заштитата на мајчинството треба да е проследена со правото на паричен надоместок за време на породилно отсуство кој ќе обезбеди жената да може да се одржува себеси и своето дете во соодветни здравствени услови и со соодветен стандард на живеење.

Предложеното законско решение доаѓа на барање на голем број граѓански организации од самата нивна листа кои, меѓу другото, бараат системско решавање на овој проблем преку препознавање на земјоделците во системот на здравствено

осигурување, и потенцираат дека решавањето на настанатата состојба од Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство преку преку програма со која ќе се доделуваат средства за породилно отсуство е крајно нецелисходно и во пракса нема да доведе до фактичко уживање на правото на платено породилно отсуство.

Како дел од аргументите против ваквото решение ги наведуваат:

1. Програмата ќе треба да се донесува секоја година. И покрај законската обврска сепак постои можност да одлучи да не се донесе истата, или да ја донесе со закаснување или во програмата да не предвиди доволно средства за сите земјоделки кои таа година ќе се породат. Програмата дозволува преголема улога на волјата на министерот, што го прави политички зависно, наместо да биде системски гарантирано и остварувано;

2. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство континуирано касни со исплатите на субвенции преку програми и мерки, а низ годините се бележи и рекордно доцнење од три години! На ист начин, преку програма, би се исплаќале и парите за породилно отсуство, па многу е веројатно да се доцни со месеци, дури и со години. На овој начин, целосно ќе се изгуби поентата на платеното породилно отсуство. Земјоделките е потребно да можат да престанат со работа веднаш откако ќе се породат (и пред тоа), што значи дека точно во тој период се неопходни средства за издржување на новороденчето и семејството. Доколку се доцни, земјоделките ќе мора да продолжат со работа за да си ја обезбедат својата егзистенција, бидејќи нема да можат да се потпрат на средствата од платеното породилно кои нема да знаат кога ќе се исплатат. На овој начин, ова право нема да се ужива на законски предвидениот начин.

3. Платеното породилно отсуство е социјално, женско и работничко право, па оттука Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не е надлежно, ниту има административен капацитет и експертиза за уредување и остварување на социјалните права на граѓаните. Согласно надлежностите на институциите Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство се стварно надлежни да го овозможат правото на породилно отсуство.

Доколку се доделува преку програма на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има поголема можност за провизорно одлучување во иднина за тоа кој ќе добие, а кој не и се остава и простор некоја жена да биде одбиена од политички побуди или од јавно изразување на своето мислење. Низ годините ситуации во кои земјоделците биле одбиени од субвенции на политичка основа или поради јавно искажано незадоволство, биле реалност, па оттука оправдано се сомневаме дека истото ќе се случува и со породилното отсуство.

4. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да креира мерки за помош и дополнителна поддршка на земјоделките, но не треба да

создава програма во која треба да реализира законско право - право на платено породилно отсуство, кое е предмет на законска материја од материјални закони.

Заради горенаведените причини потребно е брзо донесување на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Преку законското овозможување на користењето на правото на надоместок за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, како држава, ќе се овозможи еднаквост, транспратентно и инклузивно делување во криерањето на државната политика и решенијата во врска со уредување на ова право за земјдоелките со почитување на одредбите од Уставот.

Основната цел на предложениот закон е обезбедување еднаков третман и социјална сигурност за индивидуалните земјоделци преку нивно целосно интегрирање во системот на парични надоместоци од здравствено осигурување, со посебен фокус на заштитата на мајчинството и економската сигурност на жените земјоделки.

Предлогот се заснова на уставните начела на еднаквост на граѓаните, социјална правда и посебна заштита на мајчинството и децата.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување се потребни финансиски средства и истиот ќе има финасиски последици врз републичкиот Буџет.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка.*

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување (Службен весник на РМ бр.25/2000; 34/2000; 96/2000; 104/2000; 30/2001; 48/2001; 50/2001; 11/2002; 31/2003; 84/2005; 37/2006; 109/2006; 18/2007; 36/2007; 88/2007; 88/2007; 106/2007; 82/2008; 98/2008; 142/2008; 6/2009; 45/2009; 67/2009; 14/2010; 50/2010; 156/2010; 53/2011; 166/2011; 26/2012; 145/2012; 16/2013; 91/2013; 187/2013; 43/2014; 44/2014; 97/2014; 112/2014; 113/2014; 188/2014; 20/2015; 61/2015; 61/2015; 98/2015; 129/2015; 150/2015; 154/2015; 192/2015; 217/2015; 27/2016; 37/2016; 120/2016; 142/2016; 171/2017; 275/2019; 77/2021; 285/2021; 60/2023; 154/2023; 209/2023; 144/2025; 154/2025; 91/2026 и 212/2026), во член 13, во ставот (1), во воведната реченица зборовите „ член 5 став 1 точки 1, 2 и 3 на овој закон“ се заменуваат со зборовите „член 5 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 од овој закон“.

Член 2

Во членот 14, во ставот (1) зборовите „член 5 став 1 точки 1, 2 и 3 на овој закон“ се заменуваат со зборовите „член 5 став1 точки 1, 2, 3 и 4 од овој закон“.

Член 3

Во членот 15, по ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) По исклучок од ставот (1) точка 2 на овој член, осигуреникот од членот 5 став 1 точка 4 на овој закон остварува право на надоместок на плата доколку придонесот за задолжително здравствено осигурување е уплатен заклучно со денот на поднесување на барањето за остварување на правото, односно со задоцнување не подолго од 180 дена пред настапувањето на случајот.“

Ставовите (6), (7) и (8) стануваат ставови (7), (8) и (9).

Член 4

Во членот 16, по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) За осигурениците од членот 5 став 1 точка 4 на овој закон, основица за пресметување на надоместок на плата за случаите од членот 13 на овој закон претставува основицата на која се пресметува и плаќа придонесот за задолжителното здравствено осигурување согласно со закон.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, за осигурениците од членот 5 став 1 точка 4 на овој закон, основица за пресметка на надоместокот за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство од членот 14 на овој закон претставува висината на минималната плата објавена согласно со закон за тековната година, при што исплатениот износ на надоместокот не може да биде помал од износот на минималната плата.“

Член 5

Во членот 18, ставот (2) се менува и гласи:

„(2) По исклучок од став (1) на овој член надоместокот на плата се исплатува од средствата на Фондот од првиот ден на привремената спреченост за работа во случај на нега на болно дете до тригодишна возраст, доброволно давање крв, ткиво или орган, како и за осигурениците од членот 5 став 1 точка 4 на овој закон за сите случаи од членот 13 на овој закон, а за отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство од средствата на Буџетот на Република Македонија.“.

Член 6

Во членот 84-в, во ставот (1), зборовите „членот 15 став 6“ се заменуваат со зборовите „членот 15 став 7“

Во ставот (2), зборовите „членот 15 став 7“ се заменуваат со зборовите „членот 15 став 8“.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување на Законот за здравственото осигурување содржи седум члена.

Со членот 1 се проширува опфатот на правото на надоместок на плата поради болест и повреда од членот 13, став 1 врз категоријата индивидуални земјоделци.

Со членот 2 се воведува експлицитно право на надоместок за породилно отсуство за земјоделките преку дополнување на членот 14, став 1.

Со членот 3 се врши прилагодување на квалификаторниот услов од членот 15 став 1 точка 2, со оглед на тоа што земјоделците приходите ги остваруваат периодично, па се предвидува правото да се оствари доколку придонесот е платен до денот на поднесување на барањето односно со толеранција на задоцнување до 180 дена.

Со членот 4 се уредуваат две клучни прашања поврзани со основицата во членот 16 - за општото боледување основица е основицата на која се плаќа придонесот, додека за отсуството поради мајчинство се воведува заштитен механизам каде основица е минималната плата утврдена согласно закон и исплатениот надоместок не смее да биде понизок од законската минимална плата.

Со членот 5 се менува членот 18 став 2, со што се надминува правниот вакуум за боледувањата до 30 дена - со оглед на тоа што земјоделецот нема работодавач, исплатата на сите надоместоци за оваа категорија од првиот ден се врши од Фондот, а надоместокот за мајчинство од Буџетот на Република Македонија.

Со членот 6 се врши номотехничко усогласување во однос на предложените измени.

Членот 7 го предвидува влегување во сила на законот без вообичаениот уставен рок, *vacatio legis*.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се заштитити мајчинството како фундаментално право на жените кое е предвидено со Уставот и со меѓународните акти за правата на човекот, односно меѓународните конвенции и ќе се овозможи правото на паричен надоместок за време на породилно отсуство на земјоделките преку кој на ова категорија законски ќе ѝ се обезбеди оддржување на самата себеси и своето дете во соодветни здравствени услови и со соодветен стандард на живеење. Имплементацијата на овој предлог-закон ќе произведе директно правно дејство со кое индивидуалните земјоделки добиваат загарантирано право на платен надоместок за породилно отсуство најмалку во висина на законската минимална плата на товар на државниот Буџет, како и право на боледување на земјоделците на товар на Фондот.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ
КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ
(ИЗВОД)

1. Надоместок на плата

Право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда

Член 13

(1) Право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда можат да остварат осигурениците од член 5 став 1 точки 1, 2 и 3 на овој закон, во случај на:

1) болест и повреда надвор од работа;

2) повреда на работа и професионална болест;

3) лекување и медицинско испитување;

4) негување на болно дете до тригодишна возраст;

5) негување на болен член на потесно семејство над тригодишна возраст, но најмногу до 30 дена;

6) неопходно придружување на болно лице упатено на преглед или лекување надвор од местото на живеење;

7) неопходно придружување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена;

8) доброволно давање на крв, ткиво или орган и

9) изолираност заради спречување на зараза.

(2) Надоместокот на плата во случаите од став 1 на овој член припаѓа од првиот ден на спреченоста за работа и трае цело време додека трае спреченоста за работа, а се исплатува за деновите за кои се остварува плата според прописите за работни односи.

Право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство

Член 14

(1) Право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство можат да остварат осигурениците од член 5 став 1 точки 1, 2 и 3на овој закон.

(2) Надоместокот од ставот 1 на овој член се исплатува за временскиот период утврден со прописите од областа на работните односи.

(3) Средствата за остварување на правото од ставот 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку надлежен орган.

Услови за остварување на правото на надоместок на плата

Член 15

(1) Осигурениците од членовите 13 и 14 на овој закон можат да остварат право на надоместок на плата, ако ги исполнуваат и следниве услови:

1) ако здравственото осигурување траело најмалку шест месеци непрекинато пред настапување на случајот, освен во случаите на повреда на работа и професионално заболување како и за осигуреникот од членот 5 став 1 точки 1, 2 и 3 од овој закон, чиј брачен другар бил упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка соработка, просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на стручно усовршување или образование со согласност и за потребите на работодавачот и по тој основ му мирува работниот однос, доколку во рок од 30 дена од денот на престанувањето на работата на неговиот брачен другар во странство се врати на работа кај работодавачот кај кој му мирува работниот однос;

2) придонесот за задолжителното здравствено осигурување редовно да се уплатува или со задоцнување од најмногу 60 дена и

3) оцената за привремена спреченост за работа ја дал избраниот лекар, односно лекарската комисија.

(2) По исклучок од ставот 1 точка 1 на овој член, на осигуреникот на кој му мирува работниот однос поради користење неплатено родителско отсуство, придонесот за здравствено осигурување се плаќа преку програма на Министерството за здравство и за периодот во кој му мирува работниот однос заради неплатено родителско отсуство, се смета дека нема прекин во остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување.

(3) По исклучок од ставот 1 точка 2 на овој член осигуреникот до 29 годишна возраст, за кој со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност е предвидено ослободување од плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување, остварува надоместок на плата без уплата на придонесот за задолжително осигурување за периодот за кој е ослободен од плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување.

(4) По исклучок од ставот 1 точка 2 на овој член осигурениците за кои со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност е предвидено ослободување од плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување, остваруваат надоместок на плата без уплата на придонесот за задолжително осигурување за периодот за кој се ослободени од плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување, и тоа:

- осигуреници на возраст до 35 години,
- осигуреници на возраст од 35 години до 50 години,
- осигуреници на возраст над 50 години,

- осигуреници кои се родители на три или повеќе деца, самохран родител и член на еднородителско семејство, примателите на социјална парична помош, деца без родители и родителска грижа, жртви на семејно насилство, инвалидно лице со утврдена инвалидност согласно со Законот за вработување на инвалидни лица и лице со утврдена намалена работна способност или професионална неспособност за работа за 50% согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, професионални војници на кои им престанал работниот однос согласно со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија и родители на деца со пречки во развојот корисници на посебен додаток,

- осигуреници на возраст над 58 години и

- самовработени лица од алинеите 1, 2, 3, 4 и 5 на овој став.

(5) По исклучок од ставот 1 точките 1) и 2) на овој член, осигуреникот кој е во работен однос или е самовработено лице како замена за работник кој користи породилно отсуство од работа за периодот додека трае породилното отсуство и за кој е утврдено ослободување од плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, остварува надоместок на плата без здравственото осигурување да траело најмалку шест месеци непрекинато пред настапување на случајот и без уплата на придонесот за задолжително осигурување за периодот за кој е ослободен од плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување.

(6) Потребната документација за исполнетоста на условите од ставот 1 на овој член, ја прибавува овластеното службено лице од Фондот, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

(7) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараната документација од ставот (6) на овој член да ја достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(8) Образецот на барањето и потребната документација за исполнетоста на условите за остварување на правото на надоместок на плата од ставот 1 на овој член ги утврдува Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Основица за утврдување на надоместокот на плата

Член 16

(1) Основица за пресметување на надоместокот на плата претставува просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за

задолжителното здравствено осигурување во последните дванаесет месеци пред настанувањето на случајот поради кој се стекнува правото на надоместокот.

(2) Ако за осигуреникот не може да се утврди основица за надоместокот според став 1 на овој член, основицата за надоместокот ќе се утврди од платата што ја остварил за деновите поминати на работа во периодот пред настанување на случајот.

(3) За осигурениците од член 5 став 1 точка 3 на овој закон, основица за пресметување на надоместок на плата претставува основицата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување.

Исплата на надоместокот на плата

Член 18

(1) Надоместокот на плата за првите 30 ден спреченост за работа го утврдува и исплатува работодавецот од своите средства, а над 30 ден Фондот.

(2) По исклучок од став 1 на овој член надоместокот на плата се исплатува од средствата на Фондот од првиот ден на привремената спреченост за работа во случај на нега на болно дете до тригодишна возраст, доброволно давање крв, ткиво или орган, а за отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија.

(3) По исклучок од ставот 1 на овој член во случај кога привремената спреченост за работа поради повреда на работа настанала како последица од необезбедување на мерките утврдени со прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа од страна на работодавачот, надоместокот на плата за целиот период на привремена спреченост на работа настаната како последица од необезбедување на мерките утврдени со прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа од страна на работодавачот е на товар на работодавачот, согласно со прописите од областа на работните односи.

(4) Ако доброволен дарител на крв не остварил надоместок на платата кај работодавецот кај кого е вработен, за отсуство од работа поради доброволно дарување крв, може да бара тоа право да го оствари на товар на средствата на Фондот.

Член 84-в

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластено службено лице во Фондот ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврдени во членот 15 став 6 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 15 став 7 од овој закон.

(3) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице во Фондот ако не донесе решение по барањето во рокот утврден во членот 31 ставови 7 и 8 од овој закон.

(4) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лекар вработен во здравствена установа, ако:

1) нема факсимил и не го користи при укажувањето на здравствените услуги (член 69-б став 1);

2) користи факсимил без претходно одобрение (член 69-б став 2) и 3) употребува факсимил надвор од здравствената установа во која е вработен, односно надвор од онаа јавна здравствена установа со која јавната здравствена установа во која е вработен има склучено договор за соработка (член 69-б став 3).

(5) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на првостепената и второстепената лекарска комисија за лекување во странство ако во роковите утврдени со овој закон не изготват мислење по барањето за остварување на правото од членот 30 став 1 од овој закон.